ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
СКОПЈЕ
Бр. 0302-21/10
09.05.2024 год.
СКОПЈЕ

Занаетчиска Комора
Скопје

**Предмет: Барање за доставување на понуди за експертски услуги за спроведување на истражување, изготување анализа, водење и презентација на тркалезна маса и изработка на иницијативи за законски измени**

1. Занаетчиска комора Скопје за потребите на иницијативата ,,ТАА ЗАНАЕТЧИЈА-Зајакнување на жените, овозможувајќи им успех", спроведувана како дел од проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем" финансиран од УСАИД и имплементиран од Консалтинг за стратешки развој, Ве поканува да доставите понуда за:

-Експертски услуги за изработка на истражувачки извештај за потребата од воведување на законски измени кои ќе овозможат лицата коисе занимаваат созанаетчиство како дополнителна работа да можат да се регистрираат како занаетчии, односно да ја легализираат дополнителната работа.

2.Краток опис на проектот

Занаетчиството во Република Северна Македонија и економијата воопшто се соочуваат со сериозен проблем со нерегистрираното работење, сивата економија и неможноста да се легализира дополнителното работење, односно лицата кои се занимаваат со занаетчиство како дополнителна дејност да можат истата да ја вршат на легален начин така што ќе им биде овозможено да се регистрираат како занаетчии. Граѓаните се соочуваат со потешкотии кога станува збор за ангажирање на регистрирани занаетчии за секојдневните животни потреби. Оттука, постои потреба за креирање на политики за легализација на дополнителна работа на лицата кои се во редовен работен однос, но вршат и дополнителна занаетчиска дејност.

Општата цел на иницијативата **,,ТАА ЗАНАЕТЧИЈА-Зајакнување на жените, овозможувајќи им успех"**е да се зајакне женското претприемништво преку создавање законски услови за легализација на дополнителната работа и да се поттикнат повеќе жени да ги искористат можностите за вработување и самовработување во занаетчискиот сектор. Една од специфичните цели на иницијативата е креирање на политики за легализација на дополнителна работа за жените кои се во редовен работен однос и дополнително вршат занаетчиска дејностбез истата работа да ја пријават.Доколку жените кои се занимаваат со дополнителна занаетчиска работа можат законски да ја пријаватистата и на тој начин им биде овозможено да добијат ЕДБ (даночен број) и да плаќаат личен данок на доход без обврска да бидат вработени во компанија, ќе станат дел од легалната економија што ќе придонесе за раст на бизнисите во сопственост на жени.

Поради остварување на овие цели, Занаетчиската комора-Скопје има потреба од експерт за кој ќе спроведе истражување за потребата од легализирање на дополнителната работа во занаетчискиот сектор ќе изготви сеопфатен извештај, ќе ги претстави наодите од истражувањето на тркалезна маса и ќе изготви иницијативи за регулирање на дополнителната работа на занаетчиите кои ќе се поднесат до надлежните институции.

**4. Задачи што треба да ги изврши експертот**

-Преглед и анализа на законска регулатива во РСМакедонија и утврдување на потреба за промена на конкретни законски и подзаконски решенијасо цел легализирање на дополнителната работа;

- Истражување за законските решенија во соседните земји кои даваат можност за регистрирање на дополнителната работа во занаетчискиот сектор;

-Развивање на методологија за истражување за потребата од воведување на дополнителна работа во занаетчискиот сектор,вклучително структуриран прашалник за интервјуа и фокус груписо лица  кои вршат дополнителна работа и на кои им е потребно легализирање на дополнителната работа;

-Изготвување на Анализа на собраните податоци за да се идентификува потребата од воведување на дополнителното работење во занаетчиксиот сектор;

- Изготвување на сеопфатен извештај од истражувањето;

-Дисеминација на наодите од истражувањето;

-Водење на  тркалезна маса и претставување на наодите од истражувањето пред  засегнати страни/чинители (Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија, Министерство за финансии,Управа за јавни приходи Државен Пазарен Инспекторат, Државен Трудов инспекторат,

-Креирање препораки и заклучоци врз основа на спроведените консултации со засегнтатите страсни/чинители ;

-Развивање на конкретни иницијативи со предлог мерки за воведување на дополнителна работа во занаетчискиот секторкако законска можност,поттикнување погодна средина за развој на женско претприемништво инамалување на сивата економија.

**5. Клучни испораки и рокови**

**Следните резултати треба да бидат доставени на проектниот тим**

**-Методологија за истражувањето со изготвени прашалници за собирање на податоци – најдоцна до 31.06.2024**

**-Извештај од анализа на законската регулатива и од истражувањето на законските решенија од земјите во регионот-најдоцна до 31.08.2024**

**-Сеопфатен извештај од истражувањето -најдоцна до 15.09.2024**

**-Водење на  тркалезна маса и претставување на наодите од истражувањето пред засегнати страни/чинители (Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија, Министерство за финансии,Управа за јавни приходи Државен Пазарен Инспекторат, Државен Трудов инспекторат–најдоцна до 31.10.2024**

**-Креирање конкретни препораки и заклучоци врз основа на спроведените консултации со засегнатите страни-најдоцна до 15.11.2024 година**

**-Развивање на конкретни иницијативи со предлог мерки за воведување на дополнителна работа во занаетчискиот сектор како законска можност,поттикнување погодна средина за развој на женско претприемништво и намалување на сивата економија и предлог мерки за подршка на женското претприемништво во Програмата за конкурентност на мали и средни претпријатија-најдоцна до 31.12.2024**

**6.Критеируми за избор на експерт-квалификации и компетентност**

**-Завршено високо образование**

**-Сертифициран Менаџмент Консултант и ИСО20700 сертифициран консултант**

**-Минимум 10 години искуство во спроведување на истражувања за анализи на политики**

**-Спроведени најмалку 5(пет) истражувања од кои минимум две за женско претприемништво**

**-Изработени минимум 3 (три)анализи и минимум 1 (еден)документи за развој на политики за женско претприемништво вклучително и конкретни предлози за подобрување на законски решенија во последните 3 години**

**-Експертот треба да поседува вештини за анализа и синтеза на податоци и пишување на јасни извештаи и други документи**

**VII. Начин на аплицирање**

Понудите треба да се достават на англискијазик и да ги содржат следниве документи:

- Ажурирана и релевантна професионална биографија на експертот;
- Предложена методологија и временска рамка за реализација задачата;
- Финансиска понуда изразена воденарибез вклучен ДДВ;
- Споредлива референтна листа на спроведени задачи/проекти.

Повикот е отворен за физички лица. Понудата треба да ги содржи имињата и целосните биографии на експертот, експертите/ките кои директно ќе работат на реализација на задачата. Доколку се работи за тим од експерти, потребно е да се наведе кој е тим лидер.
Прашања поврзани со повикот може да се достават најдоцна до 13.05.2024 година. на следнавае-маил адреса:info@zkomora.com.mk. Бараните документи треба да се достават на следнава е-маил адреса: info@zkomora.com.mk, најдоцна до 20.05.2024., до 16:00 часот. Некомплетните понуди нема да се разгледуваат за евалуација.

Занаетчиска комора Скопје

Претседател

Горан Ристовски

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ SHKUP ODA E ZEJTARËVE